Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-42/1
07.02 2020 год.

***РЕФЕРАТ***

***ЗА РЕИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ НА ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА - ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ***

Со Одлука бр. 02-681/1 донесена на седница на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа - Високата стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, одржана на 20.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за реизбор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Финансии.

Јавниот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Финансии беше објавен во дневниот весник „Независен" од 04.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, м-р Мартин Стојановиќ, магистер по право во областа на финансии и финансово право.

Членовите на рецензионата комисија, согласно Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на Приватната високообразовна установа - Високата стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, а во врска со објавениот конкурс за избор еден наставник во сите наставни звања во областа на Финансии, врз основа на приложената документација на Наставничкиот совет му го поднесуваат следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

**Биографски податоци**

М-р Мартин Стојановиќ е роден на 24.02.1988 година во Скопје, каде што завршил средно образование во гимназија "Nova High Schools".

Во академската 2006/2007 се запишува на додипломски студии на ФАКУЛТЕТОТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, каде што дипломира во 2009 година на насока финансиски менаџмент, со просек 9.90.

Во академската 2009/2010 се запишува на последипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот Св. Кирил и Методиј на насоката финансии и финансово право. По двегодишни редовни студии, во 2011 го одбрани успешно својот магистерски труд „Финансиски пазари и институции во Р. Македонија" и се стекна со знаење магистер по право во областа на финансии и финансово право. Последипломските студии ги завршува со просек 9.00.

Во академската 2012/2013 година се запишува на докторски студии на Економскиот Факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, како докторант на Школата за докторски студии при Ректоратот на УКИМ. Во академската 2019/2020 ја пријавува докторската теза под наслов "Есеи за таргетирање на инфлацијата: Емпириска анализа на макроекономските ефекти во новопојавените пазарни економии".

По завршувањето на магистерските студии, м-р Мартин Стојановиќ работи како предавач, а потоа и виш предавач на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, директно ангажиран во наставно – образовниот процес на горенаведената институција. Притоа, од 2012 година е член на Фондација Ново образование за бизнис, земајќи активно учество во изработка и имплементација на проекти и проектни апликации.

**Наставно - образовна и научно - истражувачка дејност**

Во април 2013 година м-р Мартин Стојановиќ е избран во наставно звање предавач од областа финансии и маркетинг на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, а во април 2016 година е избран во виш предавач од областа финансии и маркетинг на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА

БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје. Во овој изминат период м-р Мартин Стојановиќ активно ги извршува педагошките обврски за предметите Финансирање на локален и регионален развој, Јавни финансии, Корпоративни Финансии – студија на случај, Инвестиционен менаџмент, Фискална и монетарна политика на првиот циклус стручни студии на високообразовната установа. Покрај ова, тој е вклучен во педагошките активности на предметите Интегриран бизнис пристап 1 и Интегриран бизнис пристап 2, а ги држи испитите по предметот Деловно право во академската 2019/2020.

Во академската 2018/2019 м-р Мартин Стојановиќ има престојувано на студиски престој на Факултетот за администрација при Универзитетот во Љубљана.

М-р Мартин Стојановиќ има напишано и објавено повеќе научни/стручни трудови. Во последните 5 години ги има објавено следните рецензирани научни и стручни трудови:

1. Stojanovikj, M., Petrevski, G., "**Inflation Targeting in EMEs: Exploring the Factors Behind the Decision**", (2019), Working Paper.
2. Stojanovikj, M., Petrevski, G., "**Macroeconomic Effects of Inflation Targeting in Emerging Market Economies**", (2019), Oxford Economic Papers under review as of August 28, 2019.
3. Vasiljevic-Shikaleska, A., Gjozinska, B., Stojanovikj M., **The Circular Economy – a pathway to sustainable future**., Journal of Sustainable Development, 7, 17, (2017), 13-30.
4. Vasiljevic-Shikaleska, A., Gjozinska, B., Stojanovikj M., "**Current State and Trends for Reaching Circularity of Materials in Selected Countries from the Balkan Region**" (2017) Journal of Sustainable Development 7(18), 18-38.
5. Shikaleska, V.A., Stojanovikj, M., et al. "**The quest for optimal fusion of learning, teaching and evaluation for improving student classroom**", (2017), Conference paper: presented at the "1st International Symposium - Teaching Methods for Economics and Business Studies" – University of Maribor.

6. Josifovska, A., Milchevska, I., Stojanovikj, M. "**Labour Market Possibilities and Perspectives – Specialized Study for the Vardar Planning Region**" (2016), published as part of the project: From EIQ Build-UP to an Inclusive Labour Market – IPA IV.
7. Stojanovikj, M., "**Monetary Policy Effects on CPI in Recessionary Times: A Simple Price-Adjustment Model**", (2015) Journal of Sustainable Development, Volume 5: Issues 8-9.

Има учествувано на повеќе меѓународни конференции и настани, од кои позначајни во последните 5 години се:

- 1st International Conference on Sustainable Development in Business and Economics, Integrated Business Institute/Integrated Business Faculty, Skopje.
- 1st International Symposium - Teaching Methods for Economics and Business Studies" – University of Maribor.

**Учество во проекти**

М-р Мартин Стојановиќ има земено учество во повеќе научно - истражувачки меѓународни проекти:

- KEP Italy 2019/2020 "**Introducing Modern Learning Methods in Macedonia Using Italian Experiences – INLEARN**", Project Team Member.
- Erasmus+, 2019/2020 "**Economics of Sustainability**". Project Team Member.
- January 2017- December 2018, Erasmus+ Project: „**StrategicPartnershipforInnovationandDevelopmentofEntrepreneurship (SPIDE)**", Assistant Coordinator and Key Researcher.
- January 2016 – June 2017, IPA IV Component: "**From EIQ Build - Uptoan Inclusive Labor Market**", Project team member.
- January 2015 – December 2016 Erasmus+ Project: "**Innovative Strategic Partnership for European Higher Education (ISPEHE)**", Key Researcher.

Во процесот на самоевалуација на Факултетот за бизнис економија, во периодот 2014-2017 година, согласно извештаите за самоевалуација и документацијата од процесот, м-р Мартин Стојановиќ позитивно е оценет во сите сегменти на евалуацијата, направена согласно Упатството за самоевалуација на институциите. Од овој процес може да се констатира одговорноста и посветеноста на м-р Мартин Стојановиќ во извршување на педагошката дејност.

Доколку ги квантифицираме вредностите на работните обврски и ангажманот на м-р Мартин Стојановиќ, согласно одредбите на Законот за високото образование, како и внатрешните акти на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА-Скопје, м-р Мартин Стојановиќ е оценет со 118 поени, за периодот од 2014 до 2019 година, за што во прилог на оваа рецензија има табеларен приказ.

Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот:

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно Законот за високото образование, внатрешните акти на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје и доставената документација од кандидатот, рецензионата комисија заклучи дека м-р Мартин Стојановиќ има потенцијал за вршење на педагошка и високообразовна дејност, има повеќегодишно работно искуство во научно - истражувачката дејност и високото образование, како и афинитети за истражувачка и наставно - образовна дејност. Оттука, може да оцениме дека м-р Мартин Стојановиќ има потенцијал да биде вклучен, а и да напредува соодветно во високообразовната дејност што се реализира на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - Скопје во областа на Финансии.

Затоа, според претходно наведеното, Комисијата смета дека се исполнети законските услови и на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈАСкопје му предлагаме да го прифати овој извештај и повторно да го избере м-р Мартин Стојановиќ во наставно звање **виш предавач во областа на Финансии.**

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА:**

1. д-р Крсте Шајноски, професор, претседател
2. д-р Благоја Наневски, професор, член
3. д-р Адријана Булевска - Зарик, научен соработник/доцент, член